**Известување за концентрација со која АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о, Словенија ќе стекне контрола над САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Словенија**
**(предмет бр. 08-35/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, преку неговото поврзано друштво ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ШМАРЈЕ ПРИ ЈЕЛШАХ д.о.о., со седиште на Рогашка цеста 46, 3240 Шмарје при Јелшах, Словенија ќе стекне контрола над САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице со седиште на Мурова 1, 4270 Јесеницe, Словенија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АЛФИ ПЕ е најголемиот менаџер на приватен капитал со седиште во Словенија. Истиот управува со 2 приватни инвестициски фонда: АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о е во 100% сопственост на АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и е Друштво со посебни намени кое поседува удели во ветеринарни компании во рамките на АЛФИ Групата.

Регистрирана дејност на АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о е: консултантски активности поврзани со деловното работење и други работи на управување.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства.

САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице врши клинички прегледи, вакцини и третмани, како и лабораториска дијагностика за мали и големи животни, операции на меките ткива кај животни како што се стерилизации, кастрации и други процедури, а специјализиран е и за орални процедури кај кучиња и мачки како што се чистење на забите и терапија на непцата.

САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот на Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека релевантните пазари на стоки за ова известување би можел да се дефинира како пазар на ветеринарни услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.02.2025 година
Скопје